| Катастарска општина | Број на парцела | | Површина |
| | Основен | Дел | м$^2$ |
| 19012 | 480 | 1 | **2313,52** |
| | | | 0 |
| 19012 | 480 | 2 | **316,1** |
| | | | 0 |
| 19012 | 481 | 1 | **2167,17** |
| | | | 0 |
| 19012 | 481 | 2 | **165,55** |
| | | | 0 |
| 19012 | 482 | 1 | **3474,83** |
| | | | 0 |
| 19012 | 485 | 2 | **262,55** |
| | | | 0 |
| 19012 | 486 | 3 | **162,75** |
| | | | 0 |
| 19012 | 494 | 4 | **67,9** |
| | | | 566,18 |
| 19012 | 499 | 8 | **5,17** |
| | | | 335,68 |
| 19012 | 501 | 2 | **3,46** |
| | | | 183,96 |
| 19012 | 503 | 2 | **58,06** |
| | | | 0 |
| 19012 | 503 | 3 | **2866,31** |
| | | | 3781,65 |
| 19012 | 503 | 4 | **116,02** |
| | | | 0 |
| 19012 | 503 | 5 | **528** |
| | | | 420,71 |
| 19012 | 504 | 2 | **109,52** |
| | | | 0 |
| 19012 | 504 | 3 | **644,21** |
| | | | 523,71 |
| 19012 | 505 | 1 | **98,19** |
| | | | 0 |
| 19012 | 505 | 3 | **128,18** |
| | | | 316,06 |

| КО Горенци (бр.19012) | | | |
|---|---|---|---|
| Катастарска општина | Број на парцела | | Површина |
| | Основен | Дел | м$^2$ |
| 19012 | 505 | 4 | **302,71** |
| | | | 0 |
| 19012 | 506 | 3 | **82,19** |
| | | | 0 |
| 19012 | 511 | 1 | **1845,39** |
| | | | 0 |
| 19012 | 512 | 1 | **728,66** |
| | | | 0 |
| 19012 | 512 | 10 | **355,74** |
| | | | 0 |
| 19012 | 512 | 11 | **297,36** |
| | | | 0 |
| 19012 | 512 | 12 | **201,65** |
| | | | 0 |
| 19012 | 512 | 13 | **160,72** |
| | | | 0 |
| 19012 | 512 | 14 | **183,39** |
| | | | 0 |
| 19012 | 512 | 15 | **136,04** |
| | | | 0 |
| 19012 | 512 | 16 | **150,55** |
| | | | 0 |
| 19012 | 512 | 17 | **150,26** |
| | | | 0 |
| 19012 | 512 | 18 | **144,07** |
| | | | 0 |
| 19012 | 512 | 19 | **52,54** |
| | | | 0 |
| 19012 | 512 | 2 | **369,19** |
| | | | 0 |
| 19012 | 512 | 3 | **632,55** |
| | | | 0 |
| 19012 | 512 | 4 | **174,29** |
| | | | 0 |
| 19012 | 512 | 5 | **179,06** |
| | | | 0 |

| КО Горенци (бр.19012) | | | |
|---|---|---|---|
| Катастарска општина | Број на парцела | | Површина |
| | Основен | Дел | м$^2$ |
| 19012 | 512 | 6 | **478,06** |
| | | | 0 |
| 19012 | 512 | 7 | **387,05** |
| | | | 0 |
| 19012 | 512 | 8 | **466,5** |
| | | | 0 |
| 19012 | 512 | 9 | **449,54** |
| | | | 0 |
| 19012 | 513 | 1 | **1497,4** |
| | | | 0 |
| 19012 | 513 | 2 | **92,78** |
| | | | 0 |
| 19012 | 514 | 1 | **2554,18** |
| | | | 0 |
| 19012 | 514 | 2 | **164,87** |
| | | | 0 |
| 19012 | 515 | 1 | **5299,27** |
| | | | 0 |
| 19012 | 515 | 2 | **498,6** |
| | | | 0 |
| 19012 | 516 | 1 | **548,99** |
| | | | 0 |
| 19012 | 516 | 2 | **452,63** |
| | | | 0 |
| 19012 | 517 | 0 | **2274,74** |
| | | | 0 |
| 19012 | 518 | 1 | **1508,53** |
| | | | 0 |
| 19012 | 518 | 2 | **354,84** |
| | | | 0 |
| 19012 | 519 | 1 | **1096,43** |
| | | | 0 |
| 19012 | 519 | 2 | **28,04** |
| | | | 0 |
| 19012 | 520 | 0 | **899,38** |
| | | | 0 |

| КО Горенци (бр.19012) | | | |
|---|---|---|---|
| Катастарска општина | Број на парцела | | Површина |
| | Основен | Дел | $м^2$ |
| 19012 | 521 | 0 | **3364,15** |
| | | | 0 |
| 19012 | 522 | 0 | **1465,84** |
| | | | 0 |
| 19012 | 523 | 0 | **1369,63** |
| | | | 0 |
| 19012 | 524 | 0 | **1444,39** |
| | | | 0 |
| 19012 | 525 | 0 | **2250,06** |
| | | | 0 |
| 19012 | 526 | 0 | **1097,03** |
| | | | 0 |
| 19012 | 527 | 0 | **2461,44** |
| | | | 0 |
| 19012 | 528 | 0 | **1052,41** |
| | | | 0 |
| 19012 | 529 | 0 | **951,2** |
| | | | 0 |
| 19012 | 530 | 1 | **1925,07** |
| | | | 0 |
| 19012 | 530 | 2 | **2516,7** |
| | | | 0 |
| 19012 | 530 | 3 | **671,72** |
| | | | 0 |
| 19012 | 530 | 4 | **804,97** |
| | | | 0 |
| 19012 | 530 | 5 | **947,71** |
| | | | 0 |
| 19012 | 530 | 6 | **1956,24** |
| | | | 0 |
| 19012 | 530 | 7 | **491,17** |
| | | | 0 |
| 19012 | 530 | 8 | **363,39** |
| | | | 0 |
| 19012 | 531 | 1 | **1467,13** |
| | | | 0 |

| КО Горенци (бр.19012) | | | |
|---|---|---|---|
| Катастарска општина | Број на парцела | | Површина |
| | Основен | Дел | $м^2$ |
| 19012 | 531 | 2 | **525,95** |
| | | | 0 |
| 19012 | 532 | 1 | **764,33** |
| | | | 0 |
| 19012 | 532 | 2 | **428,31** |
| | | | 0 |
| 19012 | 533 | 1 | **2369,26** |
| | | | 0 |
| 19012 | 533 | 2 | **1402,14** |
| | | | 0 |
| 19012 | 533 | 3 | **1200,54** |
| | | | 0 |
| 19012 | 534 | 0 | **5089,31** |
| | | | 0 |
| 19012 | 535 | 1 | **1923,91** |
| | | | 0 |
| 19012 | 535 | 2 | **14,01** |
| | | | 0 |
| 19012 | 536 | 0 | **1375,32** |
| | | | 0 |
| 19012 | 537 | 0 | **1298,55** |
| | | | 0 |
| 19012 | 538 | 2 | **3178,41** |
| | | | 0 |
| 19012 | 539 | 0 | **973,99** |
| | | | 0 |
| 19012 | 557 | 0 | **1105,42** |
| | | | 0 |
| 19012 | 558 | 1 | **880,66** |
| | | | 0 |
| 19012 | 558 | 2 | **1939,79** |
| | | | 0 |
| 19012 | 559 | 0 | **5045,02** |
| | | | 0 |
| 19012 | 560 | 0 | **1494,25** |
| | | | 4214,61 |

| КО Горенци (бр.19012) | | | |
|---|---|---|---|
| Катастарска општина | Број на парцела | | Површина |
| | Основен | Дел | м$^2$ |
| 19012 | 561 | 2 | **624,75** |
| | | | 0 |
| 19012 | 561 | 5 | **377,76** |
| | | | 270,03 |
| 19012 | 562 | 1 | **431,82** |
| | | | 826,17 |
| 19012 | 562 | 3 | **466,88** |
| | | | 131,4 |
| 19012 | 564 | 0 | **7267,13** |
| | | | 1492,22 |
| 19012 | 565 | 1 | **242,56** |
| | | | 362,96 |
| 19012 | 565 | 2 | **219,16** |
| | | | 403,81 |
| 19012 | 566 | 0 | **660,98** |
| | | | 1382,35 |
| 19012 | 567 | 0 | **647,23** |
| | | | 856,49 |
| 19012 | 568 | 0 | **1484,72** |
| | | | 2589,45 |
| 19012 | 569 | 0 | **2318,27** |
| | | | 3724,13 |
| 19012 | 570 | 1 | **1619,93** |
| | | | 510,03 |
| 19012 | 571 | 2 | **27,7** |
| | | | 343,83 |
| 19012 | 571 | 3 | **782,58** |
| | | | 601,37 |
| 19012 | 571 | 4 | **343,56** |
| | | | 0 |
| 19012 | 572 | 0 | **1098,3** |
| | | | 1856,37 |
| 19012 | 573 | 0 | **495,7** |
| | | | 0 |
| 19012 | 574 | 3 | **1359,42** |
| | | | 599,83 |

| КО Горенци (бр.19012) | | | |
|---|---|---|---|
| Катастарска општина | Број на парцела | | Површина |
| | Основен | Дел | м$^2$ |
| 19012 | 575 | 2 | **872,5** |
| | | | 458,42 |
| 19012 | 626 | 0 | **82,03** |
| | | | 11483,11 |
| 19012 | 627 | 1 | **0,66** |
| | | | 2529,77 |
| 19012 | 628 | 0 | **699,72** |
| | | | 4969,48 |
| 19012 | 629 | 0 | **543,27** |
| | | | 3910,69 |
| 19012 | 630 | 1 | **944,7** |
| | | | 0 |
| 19012 | 630 | 2 | **1147,37** |
| | | | 700,97 |
| 19012 | 631 | 1 | **517,04** |
| | | | 208,41 |
| 19012 | 632 | 0 | **501,14** |
| | | | 3289,73 |
| 19012 | 633 | 0 | **804,16** |
| | | | 0 |
| 19012 | 634 | 0 | **624,7** |
| | | | 0 |
| 19012 | 654 | 0 | **1119,89** |
| | | | 125,66 |
| 19012 | 655 | 1 | **583,1** |
| | | | 4885,63 |
| 19012 | 655 | 2 | **409,56** |
| | | | 3835,59 |
| 19012 | 656 | 0 | **1643,76** |
| | | | 0 |
| 19012 | 657 | 0 | **1752,29** |
| | | | 0 |
| 19012 | 658 | 0 | **475,16** |
| | | | 0 |
| 19012 | 659 | 0 | **118,22** |
| | | | 0 |

| КО Горенци (бр.19012) | | | |
|---|---|---|---|
| Катастарска општина | Број на парцела | | Површина |
| | Основен | Дел | м$^2$ |
| 19012 | 660 | 1 | **186,07** |
| | | | 0 |
| 19012 | 660 | 2 | **319,49** |
| | | | 0 |
| 19012 | 660 | 4 | **261,09** |
| | | | 0 |
| 19012 | 660 | 5 | **141,91** |
| | | | 0 |
| 19012 | 660 | 6 | **103,63** |
| | | | 0 |
| 19012 | 661 | 0 | **363,7** |
| | | | 0 |
| 19012 | 662 | 1 | **415,82** |
| | | | 0 |
| 19012 | 662 | 2 | **70,87** |
| | | | 0 |
| 19012 | 663 | 0 | **204,99** |
| | | | 0 |
| 19012 | 664 | 0 | **756,67** |
| | | | 0 |
| 19012 | 665 | 0 | **2982,11** |
| | | | 7769,43 |
| 19012 | 667 | 2 | **1636,35** |
| | | | 722,65 |
| 19012 | 679 | 3 | **220,02** |
| | | | 957,44 |
| 19012 | 680 | 0 | **1286,84** |
| | | | 3266,52 |
| 19012 | 681 | 0 | **2170,45** |
| | | | 1639,14 |
| 19012 | 682 | 0 | **3052,37** |
| | | | 0 |
| 19012 | 683 | 1 | **108,93** |
| | | | 667,86 |
| 19012 | 683 | 2 | **1,31** |
| | | | 1287,96 |

| КО Горенци (бр.19012) | | | |
|---|---|---|---|
| Катастарска општина | Број на парцела | | Површина |
| | Основен | Дел | м$^2$ |
| 19012 | 683 | 3 | **893,31** |
| | | | 63,74 |
| 19012 | 684 | 0 | **2522,68** |
| | | | 1099,74 |
| 19012 | 685 | 0 | **3632,39** |
| | | | 0 |
| 19012 | 686 | 0 | **2398,96** |
| | | | 0 |
| 19012 | 687 | 0 | **787,19** |
| | | | 0 |
| 19012 | 688 | 0 | **4154,46** |
| | | | 0 |
| 19012 | 689 | 0 | **1331** |
| | | | 0 |
| 19012 | 690 | 1 | **695,98** |
| | | | 0 |
| 19012 | 690 | 3 | **647,1** |
| | | | 0 |
| 19012 | 691 | 0 | **976,42** |
| | | | 0 |
| 19012 | 700 | 1 | **257563** |
| | | | 0 |
| 19012 | 700 | 2 | **5035,56** |
| | | | 0 |
| 19012 | 700 | 3 | **8202,46** |
| | | | 0 |
| 19012 | 700 | 4 | **5200,63** |
| | | | 0 |
| 19012 | 705 | 1 | **1188,26** |
| | | | 0 |
| 19012 | 705 | 2 | **1083,17** |
| | | | 0 |
| 19012 | 705 | 3 | **124,29** |
| | | | 0 |
| 19012 | 706 | 1 | **1877,29** |
| | | | 0 |

| КО Горенци (бр.19012) | | | |
|---|---|---|---|
| Катастарска општина | Број на парцела | | Површина |
| | Основен | Дел | м$^2$ |
| 19012 | 706 | 2 | **91,49** |
| | | | 0 |
| 19012 | 707 | 1 | **2576,35** |
| | | | 0 |
| 19012 | 707 | 2 | **464,28** |
| | | | 0 |
| 19012 | 708 | 1 | **3463,69** |
| | | | 0 |
| 19012 | 708 | 2 | **4167,41** |
| | | | 0 |
| 19012 | 709 | 1 | **171,14** |
| | | | 0 |
| 19012 | 709 | 2 | **642,87** |
| | | | 0 |
| 19012 | 710 | 1 | **3017,54** |
| | | | 0 |
| 19012 | 711 | 1 | **2423,41** |
| | | | 0 |
| 19012 | 711 | 2 | **1086,35** |
| | | | 0 |
| 19012 | 711 | 3 | **556,47** |
| | | | 0 |
| 19012 | 711 | 4 | **501,44** |
| | | | 0 |
| 19012 | 711 | 5 | **429,83** |
| | | | 0 |
| 19012 | 712 | 1 | **4967,87** |
| | | | 0 |
| 19012 | 712 | 2 | **152,38** |
| | | | 0 |
| 19012 | 713 | 1 | **1404,47** |
| | | | 0 |
| 19012 | 713 | 2 | **1135,04** |
| | | | 0 |
| 19012 | 713 | 3 | **1798,18** |
| | | | 0 |

| КО Горенци (бр.19012) | | | |
|---|---|---|---|
| Катастарска општина | Број на парцела | | Површина |
| | Основен | Дел | м$^2$ |
| 19012 | 713 | 4 | **208,96** |
| | | | 0 |
| 19012 | 714 | 0 | **648,76** |
| | | | 0 |
| 19012 | 715 | 0 | **1185,82** |
| | | | 0 |
| 19012 | 716 | 1 | **4150,5** |
| | | | 0 |
| 19012 | 717 | 0 | **4083,75** |
| | | | 0 |
| 19012 | 718 | 0 | **870,8** |
| | | | 0 |
| 19012 | 719 | 0 | **560,51** |
| | | | 0 |
| 19012 | 720 | 0 | **3367,61** |
| | | | 0 |
| 19012 | 721 | 0 | **3730,16** |
| | | | 0 |
| 19012 | 722 | 1 | **1519,42** |
| | | | 0 |
| 19012 | 722 | 2 | **605,84** |
| | | | 0 |
| 19012 | 722 | 3 | **697,73** |
| | | | 0 |
| 19012 | 722 | 4 | **1601,68** |
| | | | 0 |
| 19012 | 722 | 5 | **613,53** |
| | | | 0 |
| 19012 | 722 | 6 | **652,88** |
| | | | 0 |
| 19012 | 722 | 7 | **63,03** |
| | | | 0 |
| 19012 | 723 | 1 | **1218,58** |
| | | | 0 |
| 19012 | 723 | 2 | **1367** |
| | | | 0 |

| КО Горенци (бр.19012) | | | |
|---|---|---|---|
| Катастарска општина | Број на парцела | | Површина |
| | Основен | Дел | м$^2$ |
| 19012 | 723 | 3 | **1158,66** |
| | | | 0 |
| 19012 | 723 | 4 | **18,05** |
| | | | 0 |
| 19012 | 724 | 1 | **1698,57** |
| | | | 0 |
| 19012 | 724 | 2 | **1580,38** |
| | | | 0 |
| 19012 | 725 | 0 | **1016,54** |
| | | | 0 |
| 19012 | 726 | 0 | **1094,54** |
| | | | 0 |
| 19012 | 727 | 0 | **1102,3** |
| | | | 0 |
| 19012 | 728 | 1 | **2719,75** |
| | | | 0 |
| 19012 | 728 | 2 | **72,32** |
| | | | 0 |
| 19012 | 729 | 0 | **349,74** |
| | | | 0 |
| 19012 | 739 | 4 | **168,91** |
| | | | 467,12 |
| 19012 | 740 | 3 | **17,1** |
| | | | 0 |
| 19012 | 740 | 4 | **132,35** |
| | | | 0 |
| 19012 | 740 | 8 | **41,55** |
| | | | 0 |
| 19012 | 741 | 5 | **108,5** |
| | | | 0 |
| 19012 | 741 | 6 | **123,36** |
| | | | 0 |
| 19012 | 741 | 8 | **29,76** |
| | | | 0 |
| 19012 | 741 | 9 | **21,63** |
| | | | 0 |

| КО Горенци (бр.19012) | | | |
|---|---|---|---|
| Катастарска општина | Број на парцела | | Површина |
| | Основен | Дел | м$^2$ |
| 19012 | 742 | 2 | **169,51** |
| | | | 0 |
| 19012 | 805 | 4 | **18,54** |
| | | | 163,33 |
| 19012 | 805 | 5 | **32,41** |
| | | | 134,85 |
| 19012 | 805 | 6 | **36,54** |
| | | | 145,45 |
| 19012 | 805 | 7 | **42,41** |
| | | | 158,9 |
| 19012 | 816 | 0 | **404,92** |
| | | | 6201,09 |
| 19012 | 817 | 0 | **612,34** |
| | | | 0 |
| 19012 | 818 | 0 | **993,21** |
| | | | 0 |
| 19012 | 819 | 0 | **1218,58** |
| | | | 0 |
| 19012 | 825 | 1 | **1570,32** |
| | | | 0 |
| 19012 | 825 | 2 | **1683,16** |
| | | | 0 |
| 19012 | 825 | 3 | **646,21** |
| | | | 0 |
| 19012 | 825 | 4 | **609,71** |
| | | | 0 |
| 19012 | 825 | 5 | **532,96** |
| | | | 0 |
| 19012 | 826 | 1 | **2159,06** |
| | | | 0 |
| 19012 | 826 | 2 | **2346,86** |
| | | | 0 |
| 19012 | 827 | 1 | **2842,83** |
| | | | 0 |
| 19012 | 827 | 2 | **150,45** |
| | | | 0 |

| КО Горенци (бр.19012) | | | |
|---|---|---|---|
| Катастарска општина | Број на парцела | | Површина |
| | Основен | Дел | м$^2$ |
| 19012 | 828 | 1 | **3328,67** |
| | | | 0 |
| 19012 | 828 | 2 | **324,17** |
| | | | 0 |
| 19012 | 829 | 1 | **1437,46** |
| | | | 0 |
| 19012 | 829 | 2 | **1256,17** |
| | | | 0 |
| 19012 | 831 | 2 | **333,66** |
| | | | 874,36 |
| 19012 | 832 | 2 | **765,84** |
| | | | 822,02 |
| 19012 | 833 | 0 | **386,18** |
| | | | 2246,59 |
| 19012 | 844 | 1 | **290,13** |
| | | | 4798,36 |
| 19012 | 844 | 3 | **2328,8** |
| | | | 0 |
| 19012 | 844 | 5 | **998,86** |
| | | | 0 |
| 19012 | 844 | 7 | **706,09** |
| | | | 0 |
| 19012 | 850 | 2 | **327,29** |

| КО Горенци (бр.19012) | | | |
|---|---|---|---|
| Катастарска општина | Број на парцела | | Површина |
| | Основен | Дел | м$^2$ |
| | | | 2723,67 |
| 19012 | 852 | 2 | **832,61** |
| | | | 1017,03 |
| 19012 | 853 | 0 | **1618,02** |
| | | | 5346,26 |
| 19012 | 855 | 2 | **8399,76** |
| | | | 6646,99 |
| 19012 | 855 | 3 | **13839** |
| | | | 11238,83 |
| 19012 | 95 | 5 | **102,59** |
| | | | 276,71 |
| 19012 | 95 | 6 | **155,59** |
| | | | 0 |
| 19012 | 95 | 7 | **253,2** |
| | | | 0 |
| 19012 | 95 | 9 | **48,03** |
| | | | 288,75 |
| 19012 | 96 | 2 | **538,24** |
| | | | 0 |
| 19012 | 96 | 4 | **69,86** |
| | | | 0 |
| | | **ВКУПНО** | **664657** |

За дел од предметниот плански опфат веќе се издадени Услови за планирање на просторот со тех. бр. Y13008 со површина од 155,457 ха (1554572,6659m2), а за преостанатиот дел од вкупната површина на планскиот опфат, издадена е дополна на Услови за планирање на просторот, каде што преостанатиот дел се опфатени со површина од 26,553 ха во КО Горенци и КО Оровник, Општина Дебрца, со тех. број Y13008i.

Површина за која се издадени Услови за планирање на просторот – Y13008

ПОВРШИНА: 1554572,6659м$^2$ (155,457 ха)
ПЕРИМЕТАР: 8132,1815м’

Површина за која се издадени нови Услови за планирање на просторот – Y13008i

ПОВРШИНА: 265533,2637м$^2$ (26,553 ха)
ПЕРИМЕТАР: 3450,0331м’

Со дополната на условите целата површина на Планскиот опфат за Урбанистички план за подрачја и градби од државно значење за Аеродром „Свети Апостол Павле“, КО Горенци и КО Оровник, Општина Дебрца и Општина Охрид, која изнесува П=182,011ха (1820108,1043m$^2$) е покриенаа со Елаборати за Услови за планирање на просторот.

## 3. ПОТРЕБИ И МОЖНОСТИ ЗА ПРОСТОРЕН РАЗВОЈ НА ПОДРАЧЈЕТО ВО РАМКИ НА ПЛАНСКИОТ ОПФАТ

Специфичните потреби за просторен развој кои треба да бидат опфатени и обработени со овој вид на урбанистички план, а кои ќе произлегуваат од соодветни плански решенија се:

- Планирање на потребниот простор за стационарниот сообраќај,
- Дефинирање на градежна парцела и површина за градба,
- Определување на наменската употреба на земјиштето и градбите,
- Плански решенија за потребната комунална инфраструктура и др.

Можностите за просторен развој на подрачјето во рамките на планскиот опфат се разгледани и утврдени преку три аспекти:

- Просторна диспозиција и градежен фонд
- Законска регулатива
- Претходна планска документација

Планирањето на комплексот ќе се изврши земајќи го во предвид Просторниот план на Република Македонија (2002-2020г.) преку издадениот Извод од ПП – Услови за планирање на просторот, како и УПр. за Аеродром „Свети Апостол Павле – Охрид“, Општина Дебрца, односно претходна планско-проектна документација која е во сила за конкретното подрачје.

Оттука, при изработката на урбанистичкиот план, потребно е да се изработат решенија кои ќе обезбедат подобри услови преку имплементација на потребните стандарди и нормативи од областа на сообраќајот, а со тоа и да се овозможи поголема проточност на луѓе, возила и стока, зголемувајќи ги капацитативните можности на аеродромскиот комплекс. Комуналната инфраструктура треба да биде решена на начин кои ќе овозможи квалитетно функционирање на инсталациите за водоснабдување, одведвуањето на отпадните води, отстранување на цврстиот отпад, снабдувањето со електрична енергија, квалтитетни решенија за поврзување на електронско-комуникациската мрежа и сл.

## 4. ПОСТОЈНА СОСТОЈБА

Според Просторниот план на Република Македонија автопатската и магистрална патна мрежа релевантна за предметниот простор е:

- А2 - (Граница со Бугарија - ГП Деве Баир - Крива Паланка - Страцин - Романовце - Куманово - Миладиновце - обиколница Скопје - Тетово - Гостивар - Кичево - Требениште - Струга - граница со Албанија - ГП Ќафасан).

Релевантен регионален патен правец за предметната локација влегува во групата на регионални патишта "Р1" и е со ознака:

- Р1208 - (Охрид-врска со Р1301-Подмоље-врска со А3-Струга-Радожда).

Во рамки на самиот комплекс евидентирани се следните градби и инфраструктура:

**Постојни градби**

- Административна зграда
- Противпожарна бригада
- Полициска станица
- Стражарница за обезбедување
- Хангар за авиони
- Магацин/Складиште
- Сервисна зграда
- Гаража за механизација (Возила за чистење на снег)
- Контрола за летање (контролна зграда за авиосообраќај)
- Терминал за патници
- Стојалиште за патници
- Градба за ВИП
- Магацин за карго

**Постојна инфраструктура и објекти од урбана опрема**

- Влезна рампа
- Паркинг простор
- Трафостаници
- Полетна-слетна писта
- Локализатори
- Системи за осветлување и светлосни сигнали
- Метеоролошки уреди

Дел од градбите се реализирани како цврсти градби, а дел од монтажна челична конструкција, типски монтажни објекти од времен карактер (контејнери, киосци, настрешници и сл.).

## 5. ОПШТИ И ПОСЕБНИ ЦЕЛИ НА ИЗРАБОТКА НА ПЛАНОТ

***Општи цели***

**Урбанистичкиот план за подрачја и градби од државно значење за Аеродром „Свети Апостол Павле“, КО Горенци и КО Оровник, Општина Дебрца и Општина Охрид,** е дел од развојниот процес кој подразбира концепт на постојано унапредување на расположливите капацитети на цивилното воздухопловство и синхронизација на нашето национално законодавство со европското. Тој процес е утврден преку:

- Националната Транспортна Стратегија 2018-2030 година,
- Националната програма за воздухопловна безбедност
- Националниот план за безбедност за периодот од 2021-2025 година,
- Стратешки план за работа и развој на Агенцијата за цивилно воздухопловство 2023-2027 година,

а во согласност Законот за воздухопловство (Сл. Весник на РСМ бр. 14/24 и 224/24), и други законски и подзаконски акти кои ја уредуваат оваа материја.

***Посебни цели***

Целта на урбанистичкиот план е да ги дефинира правилата за изградба на потребните градби и содржини во комплексот на аеродромскиот комплекс кои во иднина ќе се користат и ќе бидат во функција на надлежните субјекти од областа на воздухопловстовто во Република Северна Македонија. Комплексот ќе биде испланиран согласно потребните програмски содржини за непречено функционирање и работа, со вградување на сите еколошки и технички стандарди за престој и работа на вработениот персонал во просторот и градбите. На овој начин ќе се овозможи подобрување на квалитетот, ефективноста и одржливоста на услугите кои се во интерес на граѓаните на Република Северна Македонија, како и другите корисници.

Урбанистичкиот план за подрачја и градби од државно значење, претставува основен развоен документ, кој има крајна цел преку:

- рационално користење на земјиштето,
- максимално вклопување на инфраструктурата и објектите со теренот,
- оформување архитектонска целина,
- почитување и заштита на правото на човекот на работа,
- почитување и валоризација на културното и градителското наследство,
- вградување пропратни содржини на основната наменска употреба на земјиштето,
- подигнување на хуманоста во просторот и непречено движење на лица со инвалидитет,
- вградување на мерки за заштита на природата и животната средина,
- вградување мерки за заштита и спасување,
- почитување на законските прописи, стандарди и нормативи во планирањето,
- почитување на законските прописи за дадената намена и

да ги утврди параметрите и насоките за изработка на Урбанистичките и Основни проекти за идната планирана градежна парцела.

## 6. ИСТОРИЈАТ НА ПЛАНИРАЊЕТО И УРЕДУВАЊЕТО НА ПОДРАЧЈЕТО ВО И ВОН ПРОЕКТНИОТ ОПФАТ

До подрачјето за кое ќе се изработи Урбанистички план за подрачја и градби од државно значење за Аеродром „Свети Апостол Павле“,КО Горенци и КО Оровник, Општина Дебрца и Општина Охрид**,** се пристигнува преку магистралниот пат „Автопат – А2. За пристап до аеродромот е изработена **Измена и дополна на Проект за инфраструктура за патен коридор 8, Автопат “Деве Баир-Ќафасан” делница Требеништа – Подмоље, од km 2+984.2-km 3+696.9 за ПАТЕН ЈАЗОЛ СВ. АПОСТОЛ ПАВЛЕ НА ДЕЛНИЦА Кичево – Охрид.** За изработка на овој проект Министерството за животна средина и просторно планирање издаден е Извод од Просторен план на Р.Македонија, бидејќи се работи за објект кој спаѓа во објекти од ПРВА КАТЕГОРИЈА според член 57 од Законот за градење (Сл. Весник на РМ бр. 124/10, 18/11, 36/11, 54/11, 144/12, 25/13, 70/13, 79/13, 137/13, 163/13, 27/14, 28/14, 42/14, 44/15, 129/15). За истиот пристап добиен е извод од Министерство за транспорт и врски кој поради тоа што е Проект за инфраструктра, даден е како прилог во целост.

Планскиот опфат кој е предмет на изработка на **Урбанистички план за подрачја и градби од државно значење** е опфатен со претходна планска документација, односно со планови од повисоко ниво и урбанистички проектни документации и тоа:

- Просторен план на Република Македонија (2002-2020г.)
- Просторен план на Охридско-Преспански регион (2005-2020г.);
- Урбанистички проект за Аеродром "Св. Апостол Павле" Охрид, општина Дебрца, одобрен од Министерство за транспорт и врски со Решение бр. 16-7199/5 од 28.07.2008 година.

За просторот во рамки на планскиот опфат се издадени Услови за планирање на просторот како Извод од Просторен план. Дел се однесуваат за предметната намена Аеродромски комплекс, а дел за инфраструктурни градби и инсталации кои со нивната траса минуваат низ опфатот. Тие се издадени со технички број:

- Y13008 – Услови за планирање на просторот со тех.бр,
- Y13008i – Дополна на Услови за планирање на просторот со тех.бр.Y13008,
- Y08214 – за изградба на фекална канализациона мрежа за с. Горенци до регионалниот колектор Мешеиште во Општина Дебарца,
- Y32107 – за поставување на подземна инфраструктура за оптички кабел на градбата: полагање и монтажа на оптички кабел на релација Скопје-Ќафасан,
- Y07705 – за поставување на подземна мрежа со кабел на подрачјето Деве Баир-Ќафасан,
- Y08808 – за Урбанистички проект за коридор 8, делница Крива Паланка-Кичево-Подмоље- Струга- Ќафасан и Подмоље- Охрид.

Локалитетот предвиден за Аеродромски комплекс, кој е дефиниран со плански опфат граничи со плански опфати за кој се издадени Услови за планирање на просторот со тех.бр. Y21616 – за Урбанистички план за село Оровник, Општина Дебарца и Y21716– за Урбанистички план за село Горенци, Општина Дебарца.

За потребите за изработка на овој Урбанистички план од страна на Министерството за транспрот се издадени одобрени урбанистички и проектни документации и тие се:

- Урбанистички проект за Аеродром „Св. Апостол Павле“ Охрид, општина Дебрца, одобрен од Министерството за транспорт и врски со Решение број 16-7199/5 од 28.07.2008година,
- Измена и дополна на Проект за инфраструктура за патен коридор 8, автопат „Деве Баир – Ќафасан“ Делница: Требеништа – Подмоље – Охрид од км 2+984,20 до 3+696,9 за патен јазел Св. Апостол Павле на делница Кичево – Охрид, одобрен од Министерство за трнаспорт и врски со Потврда од 19.07.2016 година,
- Проект за инфраструктура за Измена и дополна на Проектот за инфраструктура за патен коридор 8 – автопат „Деве Баир – Ќафасан“, патна подделница Требеништа – Подмоље – Охрид, на стационажа од км 0+000 до км 10+263,28 за изградба на државен пат, паралелен пат Требеништа- Охрид, одобрен од Министерство за транспорт и врски со Потврда број 67-843/3 од 26.02.2024 година,
- Измена и дополна на Проект за инфраструктура за патен коридор 8 автопат „Деве Баир – Ќафасан“ делница Требеништа – Подмоље од км 4+836,90 до км 6+132,65 за патен јазол Подмоље на делница Кичево – Охрид, одобрен од Министерството за транспорт и врски со потврда за заверка 19.07.2016 година,
- Проект за инфраструктура за измена и дополна на Проект за инфраструктура за патен коридор 8, автопат „Деве Баир – Ќафасан“, делница Песочани-Требеништа км 0+000 – км12+698.72, општина Дебарца и Охрид, делница Песочани-Требеништа

на км 10+900,92 – км 12+698,72 за изградба на денивелиран патен јазол „Требништа“, со врска за државен пат А3, општина Дебрца, одобрен од Министерство за транспорт и врски со Потврда број 67-541/7 од 06.02.2025 година и

- Проект за инфраструктура за патниот коридор 8 – Автопат „Деве Баир – Ќафасан“ делница Требништа-Подмоље-Охрид од км 0+000 до км 10 + 263,36, општина Дебрца и општина Охрид, Република Македонија, одобрен од Министерство за транспорт и врски бр.75-189/5 од 31.01.2014 година.

Како соседни урбанистички планови, проекти и акти кои граничат со планскиот опфат на предметниот Урбанистичкиот план, а за кои се добиени податоци од општина Дебрца се:

- Општ Акт за село Оровник, одобрен од општина Дебрца бр.08-394/8 од 10.03.2016 година,
- Општ Акт за село Горенци, одобрен од општина Дебрца бр.08-850/21 од 22.06.2015 година,
- Проект за инфраструктура за изградба на Фекална канализација во с.Требништа, одобрен од градоначалник на општина Дебрца, со Потврда за заверка бр.03-426/2 од 22.02.2019 година,
- Инфраструктурен проект за изградба на Фекална канализација во с.Горенци, општина Дебрца, одобрен со Записник од комисија бр.09-02-256/3 од 15.09.2015 година,
- Локална урбанистичка планска документација за стопански комплекс со намена Г2-лесна и незагадувачка индустрија на КП 707/3, КО Оровник, со одлука од Совет на општина Дебрца бр.08-436/1 од 15.06.2011 година,
- Урбанистички план вон населено место за градежна парцела 1 на КП 431, КП 431/1 и КП 432/2, КО Оровник, одобрен со одлука на Совет на општина Дебрца, бр.07-372/3 од 31.05.2012 година,
- Урбанистички план вон населено место Оровник за локалитет Широки разори, општина Дебрца, усвоен со одлука бр. 07-682/3 од 30..09.2009 година, од Совет на општина Дебрца,
- Проект за инфраструктура за изградба на пешачка патека и приклучно-исклучна лента од регионалниот пат Р1208 (делница Струга-Охрид), КО Оровник, општина Дебрца, одобрен со Записник од комисија бр.13-023139 од 11.09.2015 година и
- Проект за инфраструктура за паралелен пат Требништа-Охрид со приклучок на постоечки објекти (за потребите на изградба на патен коридор 8 Деве Баир-Ќафасан на патна делница Требништа-Подмоље-Охрид, на стационажа од км 0+000 до км 10+263,28) книга 1.Б, одобрен со Потврда за заверка од Градоначалник, бр.13-903/3 од 28.10.2024 година.

Од страна на општина Охрид е доставен одговор бр.19-6982/2 од 05.05.2025 година дека општината не поседува Урбанистички планови, Урбанистичко плански документации и Урбанистичко проектни документации кои се наоѓаат во граници на доставениот плански опфат, се граничат со него или се наоѓаат во негова непосредна близина.

Од друга страна, Охридскиот Регион е прогласен за заштитено природно и културно наследство на УНЕСКО во Париз 1972 година, каде Република Македонија станува земја

членка-потписничка на Конвенцијата за заштита на светсткото културно и природно наследство. Оттука, земјата членка е обврзана да постигне највисок стандард на заштита на природното и културното наследство, преку воспоставен механизам за управување што ќе обезбеди баланс меѓу целите на заштита, одржливиот развој и развојните промени на заштитеното добро. „Оперативниот водич за спроведување на Конвенцијата за светското наследство“ ја утврдува потребата од изработка на План за управување за подрачјата/локалитетите/спомениците кои се впишани на Листата на светското наследство, со кој ќе се обезбеди заштита на исклучителната универзална вредност. Во 2020 година е изработен План за управување со Светското природно и културно наследство на Охридскиот Регион со Акциски план (2020-2029) и истиот е јавно достапен на веб-порталот на општина Охрид[1].

Предметниот плански опфат на урбанистичкиот план влегува во границите на регионот на УНЕСКО и истиот припаѓа во неколку зони одредени со Планот за управување од аспект на природното наследство, односно влегува во I-а, I-б, II-а, II-б и III заштитна зона. За секоја од овие зони се определени соодветни мерки за заштита, односно опишани се забранетите активности. Тие табеларно се распоредени подолу:

## Зона I - а

| Забранети активности во заштитната зона I-а на крајбрежјето: |
|---|
| 1. Внесување на алохотни (туѓи) растителни и животински видови; |
| 2. Деградирање и уништување на природните живеалишта, особено на местата каде животните и птиците мигрираат, се размножуваат или престојуваат; особено се забранува сечење дрвја, кршење, оштетување, уништување, сечење, откорнување вегетација, а особено на крајбрежна вегетацијата, палење на трска итн.; |
| 3. Забрането преградување на крабрежното земјиште на начин кој придонесува кон сушење и деградирање на водните и блатните живеалишта, затрупување на изворите, мочу-риштата и другите водни живеалишта; |
| 4. Забрането намерно вознемирување на дивите животни, особено во текот на размножувањето, растењето или презимувањето или нивно заробување, повредување или отстрел; намерно отстранување на растенијата и габите од нивните живеалишта, намалување на нивната популација или нивно уништување на кој било начин; намерно оштетување или уништување на живеалиштата на дивите видови; |
| 5. Намерно оштетување или уништување на гнезда, легла, како и нивните живеалишта или делови од живеалишта; нивно намерно вознемирување, особено во времето на размножувањето, одгледување на малечките, миграција, презимување, ако таквото вознемирување го загрозува нивниот натамошен опстанок; намерно уништување или земање на јајца од природата и чување на глуви јајца и прикривање, чување, одгледување, продавање, купување и отуѓување или на кој било начин прибавување и препарирање; |
| 6. Преточување на нафта и нафтени деривати за пловните објекти; |
| 7. Отворање позајмишта за црпење песок, чакал и други минерални суровини; |
| 8. Тампонирање крупен или ситен тампон и насипување песок, како и изградба на бетонски и камени ѕидови (валобрани), освен на постоечки локации определени за таа намена; |
| 9. Изградба на објекти од привремен и траен карактер, освен изведување на работите на реконструкцијата на колекторскиот систем; |
| 10. Поставување урбана опрема што може да го наруши пределот или да извршат негативни влијанија врз природните процеси на езерото; |
| 11. Поставување рибници; |
| 12. Забрането е земјоделско производство; |
| 13. Испуштање непречистени урбани и индустриски отпадни води; |
| 14. Поставување подземни јами и/или дренажи за отпадни води, освен водонепропусни септички јами на локациите на кои не е изведена канализација; |
| 15. Депонирање отпад; |
| 16. Пловидба со пловни објекти и инсталации кои се придвижуваат со мотори со внатрешно согорување во заштитните зони на извори и заштитните зони за рекреација и капалишта; |
| 17. Забрането изведување марини и пристаништа; |

[1] План за управување со природното и културно наследство во Охридскиот регион (2020-2029) (chrome-extension://efaidnbmnnnibpcajpcglclefindmkaj/https://ohrid.gov.mk/wp-content/uploads/2017/08/Plan_Ohrid-UNESCO-cista-verzijaFINAL.pdf)

## Зона I - б

| Забранети активности во заштитната зона I-б на крајбрежјето: |
|---|
| 18. Внесување алохотни (туѓи) растителни и животински видови; |
| 19. Деградирање и уништување на природните живеалишта, особено на местата каде животните и птиците мигрираат, се размножуваат или престојуваат; особено се забранува сечење на дрвја, кршење, оштетување, уништување, сечење, откорнување вегетација, а особено на крајбрежна вегетација, палење на трска итн.; |
| 20. Забрането преградување на крабрежното земјиште на начин кој придонесува кон сушење и деградирање на водните и блатните живеалишта, затрупување на изворите, мочуриштата и другите водни живеалишта; |
| 21. Забрането намерно вознемирување на дивите животни, особено во текот на размножувањето, растењето или презимувањето, или нивно заробување, повредување или отстрел; намерно отстранување на растенијата и габите од нивните живеалишта, намалување на нивната популација, или нивно уништување на кој било начин; намерно оштетување или уништување на живеалиштата на дивите видови; |
| 22. Намерно оштетување или уништување на гнезда, легла, како и нивните живеалишта или делови од живеалишта; нивно намерно вознемирување, особено во времето на размножувањето, одгледување на малечките, миграција, презимување, ако таквото вознемирување го загрозува нивниот натамошен опстанок; намерно уништување или земање на јајца од природата и чување на глуви јајца и прикривање, чување, одгледување, продавање, купување и отуѓување или на кој било начин прибавување и препарирање; |
| 23. Преточување на нафта и нафтени деривати за пловните објекти, освен на локации определени за таа намена; |
| 24. Отворање позајмишта за црпење на песок, чакал и други минерални суровини; |
| 25. Тампонирање крупен или ситен тампон и насипување песок, како и изградба на бетонски и камени ѕидови (валобрани), освен на постоечки локации определени за таа намена; |
| 27. Изградба на објекти од траен карактер, освен изведување на работите за реконструкција на колекторскиот систем, издведба на секундарна канализациска мрежа или изведба на станица за пречистување на отпадните води; |
| 28. Поставување урбана опрема што може да го наруши пределот или да извршат негативни влијанија врз природните процеси на езерото; |
| 29. Поставување рибници; |
| 30. Интензивно земјоделско производство со примена на арско, хемиско ѓубриво и пестициди кои ги загадуваат површинските и подземни води; |
| 31. Испуштање непречистени урбани и индустриски отпадни води; |
| 32. Поставување подземни јами и/или дренажи за отпадни води, освен водонепропусни септички јами, на локациите на кои не е изведена канализација; |
| 33. Депонирање отпад; |
| 34. Пловидба со пловни објекти и инсталации кои се придвижуваат со мотори со внатрешно согорување во заштитните зони на извори и заштитните зони за рекреација и капалишта; |
| 35. Изградба нови марини и пристаништа, освен реконструкција и одржување на постоечките во согласност со препораките од Стратегијата за одржлив туризам; |
| 36. Надградба и доградба на постојни или изградба на нови објекти за туристичко сместување, или пренамена на објекти за домување или помошни објекти за сместување на туристи; |
| 37. Забрането формирање нови плажи. |

**За првата - а и првата - б зона, односно за појасот со ширина од 50 m, сметано од границата на КП 1/1 „Охридско Езеро“, ќе се изработи урбанистички план за крајбрежјето. Мерките за зачувување на типовите живеалишта во поволна состојба на зачуваност, како и за реставрација/ревитализација на значајните екосистеми се вклучуваат во изработката на просторните и урбанистичките планови (акциски план). Заради заштита на биолошката и пределската разновидност на урбаното подрачје со изработката на урбанистичките планови, во зависност од видот на планот, се обезбедува меѓусебна поврзаност на истите типови живеалишта, зачувување на постојните и создавање зелени површини, дрвореди, водотеци и стагнантни водни тела, како и други живеалишта, со давање предност на автохтоните видови и живеалишта. Во Прва –а зона не се дозволува изведба ниту на трајни ниту на времени објекти, додека во Прва – б зона се дозволува поставување на привремени објекти, односно на: типски монтажно-демонтажни објекти за продажба храна, весници, сувенири, цвеќиња, храна, сладолед, телефонски говорници, јавни санитарни јазли, покриени и непокриени шанкови, рекламни и информативни паноа, настрешници кои се поставуваат на јавна површина, фонтани, чешми, клупи и корпи за отпадоци. Други видови привремени објекти дефинирани со Законот за градење не се дозволени. Препораки за материјалите од кои треба да се направени привремените објекти ќе се дефинирааат со елаборат за заштита на животната средина и конзерваторска согласност.**

### Зона II

| Забранети активности во заштитната зона II: |
|---|
| 38. Експлоатација на минерални ресурси; |
| 39. Изградба на објекти за масовен туризам; |
| 40. Интензивно земјоделство со примена на вештачко ѓубриво и пестициди; |
| 41. Изградба на инфраструктурни градби, освен кога проектите се од јавен интерес и кога за нив се спроведува стратеиска оцена и/или оцена на влијание врз животната средина и социјалните аспекти, како и оцена на влијанието врз културното наследство. |

### Зона III

| Забранети активности во заштитната зона III: |
|---|
| 42. Интензивно земјоделско производство со примена на арско, хемиско ѓубриво и пестициди кои ги загадуваат површинските и подземни води; |
| 43. Зголемување на урбаните опфати на населбите за не повеќе од 20%; |
| 44. Изградба на инфраструктурни градби, освен кога проектите се од јавен интерес и кога за нив се спроведува стратеиска оцена и/или оцена за влијание врз животната средина и социјалните аспекти, како и оцена на влијанието врз културното наследство; |
| 45. Други активности што може да го нарушат пределот и да ги загрозат исклучителните вредности. |

Од аспект на заштитата на културното наследство, предметниот плански опфат на урбанистичкиот план, не навлегува во определените зони со Планот за управување и за оваа област при планирањето и реализацијата на идните градби потребно е да се спроведуваат почитувајќи ги позитивните законски регулативи кои ја пропишуваат заштитата на културното наследство.

## 7. ПРОГРАМСКИ СОДРЖИНИ КОИ СЕ ПРЕДМЕТ НА ПЛАНИРАЊЕ СО УРБАНИСТИЧКИОТ ПЛАН

### 1. Наменски зони и содржини

Со **Урбанистичкиот план за подрачја и градби од државно значење за Аеродром „Свети Апостол Павле“,КО Горенци и КО Оровник, Општина Дебрца и Општина Охрид**, потребно е да се испланираат наменски употреби на земјиштето според дефинираната класификација на наменска употреба на градбите и земјиштот во Правилникот за урбанистичко планирање (Сл.в. на РСМ бр. 225/20, 219/21, 104/22, 99/23 и 07/25).

<u>Класи на намена</u>

- **Групи на класи на намена:**
  - Инфраструктури (ознака Е)
    - **Класи на намена:**
      - Згради на воздушниот сообраќајсо инсталации и простори (ознака Е2.4)
- **Групи на класи на намена:**
  - Зеленило, рекреација и меморијални простори (ознака Д)
    - **Класи на намена:**
      - Парковско и пејзажно зеленило (ознака Д1)
      - Заштитно и сообраќајно зеленило (ознака Д2)

- **Групи на класи на намена:**
  - Инфраструктура (ознака Е)
    - **Класи на намена:**
      - Сообраќајни, линиски и други инфраструктури (ознака Е1)
      - Згради и комплески на инфраструктурните системи (ознака Е2)

**Компатибилни класи на намена на поединечната класа на намена В4.6**

- Управи, дирекции, агенции, заводи, архиви, институции за чување на архивска граѓа (В4.6)
- Деловни згради со канцеларии (ознака Б4)
- Комунални топлани, генераторски станици и ладилници (ознака Г2.8)
- Резервоари и цистерни за нафта, течен гас и нафтени деривати (ознака Г4.5)
- Резервоари и цистерни за вода (ознака Г4.6)
- Фотоволтаични електрани (ознака Е1.13)
- Специјални градби за потреба на армијата и други специјални намени (ознака Е3.3)
- Градби за пумпање и пречистување на водата (ознака Е1.6)

**Комплементарни намени на поединечната класа на намена В4.6**

- Оградни ѕидови, огради, оградни парапети со огради, надѕидоци и подѕидоци
- Внатрешен сообраќај, паркирање и гаражирање
- Пешачки патеки, автомобилски патеки, рампи и пристапни површини
- Зеленило и рекреативни содржини
- Тераси, платформи, тремови, стреи, перголи
- Објекти за чуварски служби и обезбедување
- Градби, инсталации и опрема без кои основната намена не може да се употребува согласно нејзината намена
- Инсталации во делови од парцела или градби што се неопходни за комуналните инфраструктури
- Резервоари
- Трансформаторски станици и подстаници
- Телекомуникациски столбови, кули, антени
- Надземни и подземни складишта на нафта
- Инсталации за производство на енергија од обновливи извори

**и други Геотехнички конструкции, помошни и времени градби, елементи на внатрешниот моторен и пешачки сообраќај, урбана опрема и други работи што се комплементарни градби кои немаат самостојна намена во планирањето.**

Класите на намени се утврдуваат согласно Правилникот за урбанистичко планирање (Сл.в. на РСМ бр. 225/20, 219/21, 104/22, 99/23 и 07/25). Планираните поединечни намени ќе се дополнат со компатибилни (до 40%) и комплементарни намени согласно член 80 од Правилникот.

Доколку е потребно и се појави нужност од определување на дополнителна компатибилна или комплементарна намена на класата на намена, која не е предвидена со Планската програма, дозволено е дополнување при изработката на Урбанистичкиот план за подрачја и градби од државно значење.

Во планскиот опфат потребно е да се изврши организација и функционална поставеност на содржините во целина, како и сегментирано усогласување на структурите

во рамките на предметниот опфат. Урбанистичкиот план треба да овозможи и да создаде услови за изградба и реализација на модерен комплекс со градби во функција на аеродромскиот комплекс. Планирањето на големината на градежната парцела, површината за градба, висината на градбата, процентот на изграденост, коефициент на искористеност и другите урбанистички параметри ќе се испланираат согласно Правилникот за урбанистичко планирање (Сл.Весник на РСМ бр. 225/20, 219/21, 104/22, 99/23 и 07/25).

## 2. ОСНОВА И МЕТОДОЛОГИЈА ЗА ИЗРАБОТКА НА ПЛАНОТ

Како основа и методологија за изработка на **Урбанистичкиот план за подрачја и градби од државно значење за Аеродром „Свети Апостол Павле“, КО Охридско Езеро, КО Горенци и КО Оровник, Општина Дебрца и Општина Охрид**, ќе биде Просторниот план на РМ (2002-2020), важечката урбанистичко-планска документација, Ажурираната геодетска подлога, Планската Програма изработена од Агенцијата за планирање на просторот, а одобрена од нарачетелот и Министерство за транспорт.

**Урбанистичкиот план за подрачја и градби од државно значење** ќе се изработи врз основа на методологијата, која произлегува од одредбите утврдени со:

- Законот за урбанистичко планирање (Сл.в.на РСМ бр. 32/20, 111/23, 171/24 и 224/24),
- Правилникот за урбанистичко планирање (Сл.в. на РСМ бр. 225/20, 219/21, 104/22, 99/23 и 07/25),

и со почитување на одредбите од законската регулатива која допира до планирањето и тоа:

- Закон за градење (Сл.Весник на РМ бр. 70/13 (пречистен текст), 79/13, 137/13, 163/13, 27/14, 28/14, 42/14, 115/14, 149/14, 187/14, 44/15, 129/15, 217/15, 226/15, 30/16, 31/16, 39/16, 71/16, 103/16, 132/16, 35/18, 64/18 и 168/18, 244/19, 18/2020, Уредба Сл. В. на РСМ бр. 89/20, Уредба Сл. В. на РСМ бр. 121/20 и 279/20, Сл. В. на РСМ бр. 96/2021 (Укинат член 65-а став 3), 227/22, 111/23, Сл. В. РСМ бр. 115/23 (У.бр.109/2022) и 224/24),,
- Законот за воздухопловство (Сл. Весник на РСМ бр. 14/24 и 224/24),
- Законот за јавни патишта (Сл.Весник на РМ бр. 84/08, 52/09, 114/09, 124/10, 23/11, 53/11, 44/12, 168/12, 163/13, 187/13, 39/14, 42/14, 166/14, 44/15, 116/15, 150/15, 31/16, 71/16, 163/16, 174/21),
- Правилникот за техничките елементи за изградба и реконструкција на јавните патишта и на објектите на патот (Сл.Весник на РМ бр. 110/09, 163/09, 26/10, 163/10, 94/11, 146/11 и 09/17),
- Закон за води (Сл.Весник на РМ бр. 87/08, 06/09, 161/09, 83/10, 51/11, 44/12, 23/13, 163/13, 180/14, 146/15, 52/16 и 151/21),
- Законот за животна средина (Сл.Весник на РМ бр. 53/05, бр.81/05, бр.24/07, бр.159/08 , бр.83/09, 48/10 и 124/10 и 51/11, 123/12 и 93/13 и 187/13 и 42/14 и 44/15 и 129/15, 192/15, 39/16, 99/18); не важи член 179 став 1, 4 и 8 (Сл. В. бр. 216/21, 89/22 и 171/22),
- Закон за квалитет на амбиентниот воздух Сл.Весник на РМ бр. 100/12-пречистен текст, бр. 163/13, 10/15, 146/15 и 151/21),
- Закон за заштита од бучава во животната средина Сл.Весник на РМ бр. 79/07 и 124/10 и 47/11 и 163/13, 146/15, 151/21),

- Закон за заштита на природата (Сл.Весник на РМ бр. 67/04, бр.14/06, бр.84/07, 35/10, 47/11, 148/11, 59/12, 13/13, 163/13, 41/14, 146/15, 39/16, 63/16, 113/18, 151/21),
- Закон за урбано зеленило (Сл.Весник на РМ бр. 11/18, 42/20 и 224/24),
- Закон за заштита на културното наследство (Сл.Весник на РМ бр. 20/04, 71/04, 115/07, 18/11, 148/11, 23/13, 137/13, 164/13 и 38/14, 44/14, 199/14, 104/15 , 154/15, 192/15, 39/16, 11/18 и 20/19),
- Законот за заштита и спасување (Сл.Весник на РМ бр. 36/04, 49/04, 86/08, 124/10 и 18/11 и 41/141, 29/15, 71/16, 106/16, 83/18 и 215/21),
- Закон за управување со кризи (Сл.Весник на РМ бр. 29/05, 36/11, 41/14, 104/15, 39/16, 83/18 и 215/2021),

како и другата законска и подзаконска регулатива која што се однесува на планирањето и намената на просторот.

При изработката **Урбанистичкиот план за подрачја и градби од државно значење за Аеродром „Свети Апостол Павле“, КО Охридско Езеро, КО Горенци и КО Оровник, Општина Дебрца и Општина Охрид**, треба да бидат почитувани сите податоци и информации добиени од органите на државната управа и другите субјекти.

***

**Графички прилози :**

- Пошироко просторно опкружување со граница на плански опфат 1 : 10 000
- Пошироко просторно опкружување со граници на плански опфат, со плански / проектни опфати на соседни одобрени планови и проекти 1 : 10 000
- Пошироко просторно опкружување со граници на плански опфат и зонирање од план за управување со културно и природно наследство во Охридскиот регион 1 : 10 000
- Ажурирана геодетска подлога и граница на плански опфат 1 : 2 500

Изработил:
АГЕНЦИЈА ЗА ПЛАНИРАЊЕ НА ПРОСТОРОТ
Директор: **Александар Гелевски д.и.а.**

Aleksandar Gelevski Digitally signed by Aleksandar Gelevski
Date: 2025.09.12 15:09:39 +02'00'

Нарачател:

МИНИСТЕРСТВО ЗА ТРАНСПОРТ

_____

КОМИСИЈА ЗА УРБАНИЗАМ ВО МИНИСТЕРСТВОТО ЗА ТРАНСПОРТ